20251923939

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 септември 2025 година.

Бр. 08-4892/1
12 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ, НАУЧНО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Член 1

Во Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 154/25), во член 23 по ставот (1) се додава став (2), кој гласи:

„(2) Скратениот назив на Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво на Република Северна Македонија е ИНОВА.“.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

Во ставот (4) кој станува став (5) зборот „AISTDE“ се заменува со зборот „INOVA“.

Член 2

Членот 23 став (1) од Законот за иновациската дејност, научно-технолошки развој и претприемништво („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 154/25), влегува во сила со денот на влегувањето во сила на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Член 3

До влегувањето во сила на членот 2 од овој закон, Агенцијата ќе се финансира преку Буџетот на Владата на Република Северна Македонија.

Член 4

Средствата на сметките на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија и средствата на сметките на Фондот за иновации и технолошки развој, се пренесуваат на Агенцијата.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.